Уп. бр. 08-60

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија застапувано од Менка Макаровска, адвокат од Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје, Република регистрирано седиште на ул.Скупи бр.3А Скопје застапувано од Гордана Гацева, адвокат од Адвокатско друштво Трпески и Гацева Скопје, на седницата одржана на ден 17.04.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје со регистрирано седиште на ул.Скупи бр.3А Скопје стекнуваат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.03.2025 година, а дополнето на ден 17.03.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:

Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Друштво за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1, Скопје, Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје со регистрирано седиште на ул.Скупи бр.3А Скопје, со кое Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје имаат намера да стекнат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје** е регистрирано за дејност на трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Друштвото има едно поврзано лице (врз кое има 100% сопственост):

**-Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец** со седиште на ул.4 бр.100 , Ржаничино Петровец, Република Северна Македонија кое е регистрирано за дејност трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи, односно врши трговија на големо со нафта и нафтени деривати на пазарот во Република Северна Македонија согласно лиценца од Регулаторна Комисија за енергетика.

**-Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД** Скопје е со регистрирана дејност- управувачки дејности. Друштвото е сопственик/сосопственик врз следните правни лица:

- 100% сопственост врз Градежно трговско друштво БЕТОН ШТИП ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 117 Штип, со регистрирана дејност: изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Друштво за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи р. 3А Скопје, регистрирана дејност изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Друштво за производство, трговија и услуги КАРА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: здавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг);
- 100% сопственост врз Друштво за производство, трговија и услуги МОНТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: производство на друга горна облека;
- 100% сопственост врз ПЗУ – Центар за дијализа НЕФРОПЛУС Ккавадарци, со седиште на ул. Шишка бр. 1 Кавадарци, со регистрирана дејност: дејности на специјалистичка медицинска пракса;

- 100% сопственост врз Друштво за градежништво, трговија и услуги О.К. ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: хотели и слични објекти за сместување;
- 100% сопственост врз Друштво за реклама, маркетинг, трговија и услуги О.К. ИДЕА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: агенција за маркетинг;
- 100% сопственост врз Друштво за трговија и услуги ОК МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: огласување преку медиуми;
- 100% сопственост врз Друштво за угостителство, трговија и услуги О РЕСТОРАНТС & БАРС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Аминта Трети бр. 29 Скопје, со регистрирана дејност: ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна;
- 100% сопственост врз Агенција за обезбедување на имоти и лица ОК СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: дејности на приватна заштита;
- 100% сопственост врз Друштво за транспорт, трговија и услуги ОК ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје, со регистрирана дејност: товарен патен транспорт;
- 100% сопственост врз Друштво за хотелиерство и туризам ОРКА ХОТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Орце Николов бр. 55 Скопје и регистрирана дејност: хотели и слични објекти за сместување;
- 100% сопственост врз Друштво за хотелиерство и услуги ПАНОРАМА РЕЗИДЕНС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје и регистрирана дејност: изградба на станбени и нестанбени згради;
- 100% сопственост врз Фондација Илија Камчев Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 3А Скопје и регистрирана дејност: дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
- 47% сопственост врз ПЗУ во мешовита сопственост Клиничка болница АЏИБАДЕМ СИСТИНА Скопје, со седиште на ул. Скупи бр. 5А Скопје и регистрирана дејност: дејности на болниците.

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО** Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје. Друштвото е регистрирано со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради. Истото нема остварено приходи во 2022 година, како година која и претходи на концентрацијата.

Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за производство, трговија и услуги ОРКА ХОЛДИНГ АД Скопје поседуваат по 50% од уделите во Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје, а со тоа имаат и заедничка контрола врз истото.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на*

*концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**